Кирил ТЕМКОВ

# ЗА ПРИРОДАТА И ДОСТРЕЛИТЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЛОЗОФИЈА

Иако ова искажување за Институтот (Катедрата) за филозофија има историски карактер, тоа не сака да биде ламент по минатото, туку израз на самосвеста за квалитетот и дострелите на една од најзначајните институции на Филозофскиот факултет во Скопје и согледба на отворените можности за нејзиниот развој.

Деталните факти за Институтот (Катедрата) за филозофија се изнесени во публикацијата „Филозофскиот факултет во Скопје (1946-1976)", издадена по повод 30-годишнината на Факултетот, и во пригодната публикација објавена по повод 50-годишнината на Филозофскиот факултет.

Од фактите може да се види:

- дека Институтот (Катедрата) за филозофија имал постојан растеж, со развој на научните дисциплини во неговите рамки, така што денес има поголеми научни и образовни капацитети одошто се во функција, иако по број на вработени остана најмала институција на Филозофскиот факултет;

- дека најпрвин во неговите рамки, а потоа од него се развија неколку други институции на Филозофскиот факултет - Институтите (катедрите) за психологија и за социологија, како и тоа дека бил иницијатор и прв организатор на Интердисциплинарните студии по новинарство на нашиот Универзитет;

- дека студентите кои завршуваат студии во негови рамки се добро образовани, модерно насочени и стручно доволно издигнати за да можат да ги преземат и добро да ги извршуваат своите работни и човечки должности: и од релативно помал број студенти кои се определуваат за студиите по филозофија и нив ги завршуваат - има голем број академици, министри, професори на Универзитетот (на други институции), највисоки културни раководители, новинари и уредници, научни и културни дејци од различни профили, всушност многу значајни личности од нашиот живот;

- дека наставниците кои предаваат на Институтот (Катедрата) за филозофија се една од најзначајните интелектуални групи на нашиот

Универзитет; тука предавале големите филозофи - од гостите Живоин Радовиќ, Богдан Шешиќ, Загорка Миќиќ, Абдулах Шарчевиќ и најдобриот хрватски мислител на модерните времиња - Павао Вук-Павловиќ, како и големите македонски професори Јонче Јосифовски, Митко Илиевски, Деса Миљовска, Георги Старделов, Ферид Мухиќ, Виолета Панзова, Вера Георгиева, сите автори на оригинални и значајни дела и носители на висока научна активност;

- дека на Институтот (Катедрата) за филозофија постојат најмодерни постдипломски студии на нашиот Универзитет - организирани според узансите на модерните универзитети во светот и отворени за млади интелектуалци од сите научни гранки; тука своите трудови ги одбрани и со тоа се инаугурира во научниот и културниот живот новата генерација врвни македонски интелектуалци - Кица Барџиева, Бранислав Саркањац, Иванчо Атанасовски, Слободанка Марковска, Стефан Сидовски, Катерина Колозова, Сузана Симоновска, Владо Давчев, Сашко Насев и други, кои ја раширија македонската научна практика врз нови области и ја збогатија со нови, исклучително значајни дела;

- дека неколкуте видови научни области кои се развиваат на Институтот (Катедрата) за филозофија се меѓу најзначајните за духовниот развој на модерна Македонија: Јонче Јосифовски ги воведе најсовремените логички истражувања во овој дел од светот, така што сме денес оспособени за решавање на предизвиците на модерната информатичка ера; естетичките истражувања, поттикнати од Павао Вук-Павловиќ, спаѓаат меѓу најмодерните во Европа - Естетичката лабораторија е единствена ваква институција во овој дел на светот и спроведе многу значајни компаративноестетички, психолошкоестетички, културолошки и други истражувања, а едно време беше и најактивна и највозбудлива културна институција кај нас; историскофилозофските истражувања во античката, средновековната, особено во византиската, и во нововековната филозофија се фундаментални за нашата култура; тука, исто така, за прв пат на нашиот Универзитет се студираат предметите социологија и историја на културата, филозофија на политиката, на религијата, на менаџерството, источната мисла итн.;

- дека од луѓето и од богатите идеи од Институтот (Катедрата) за филозофија се потикнати значајни културни и научни идеи и проекти: Историја на филозофската мисла во Македонија и Историја на културата на почвата на Македонија, којашто сега се спроведува во Македонската академија на науките и уметностите; исто така, и познатите активности на скопската Културно-просветна заедница, фестивалите Млад отворен театар и Скопско културно лето и повеќе други се произлезени според идеите на членовите на Институтот (Катедрата) за филозофија;

- дека при Институтот (Катедрата) за филозофија се развива сериозно истражување на духовното минато на нашите простори, со што е остварена идејата на професорот Павао Вук-Павловиќ за создавање на специфична „Скопска филозофска школа";

- дека од членовите на Институтот (Катедрата) за филозофија се преведени најзначајните филозофски дела на македонски јазик (на Маркс, Енгелс, Ленин, Плеханов, Декарт, Кант, Џон Стјуарт Мил, Вилијам Џејмс, Ниче, Валтер Бенјамин, Лиотар), со тоа унапредувајќи ја и филозофската култура и потенцијалите на македонскиот јазик;

- дека Институтот (Катедрата) за филозофија има значајна библиотека (иако во земјотресот од 1963 година нејзин голем дел е уништен), добро суредена и достапна за користење, и дека во нејзини рамки е и најголемата подарена библиотека на нашиот Универзитет - онаа на Павао Вук-Павловиќ, со ретки 2.000 филозофски книги од крајот на минатиот и почетокот на овој век.

Има уште многу други вакви факти, на коишто овде повторно се укажува како мал прилог на разбирање на вистинските димензии на педагошката и научната мисла, задачи и остварувања на Институтот (Катедрата) по филозофија.

Да се студира филозофија значи малку - ако тоа не е добро.

А ако тоа е вистински, специфичен и модерен пегадошки процес, тоа не е само заинтересирано ѕиркање во стварноста, туку директно градење на самата реалност, на нејзината голема духовна димензија, на суштинските ѕидови на зградата на светот.

Културното значење, научноистражувачките перспективи и човечкиот потенцијал во филозофските студии се зголемуваат со метафизичката димензија на филозофското проникнување. Студирањето филозофија значи и негување на себе и афирмација на универзалното.

Во тој внатрешен нагон за себеунапредување и за дискусија со битието растеше Институтот (Катедрата) за филозофија на Филозофскиот факултет, никогаш не заборавајќи дека да се биде-за-себе е позначајно отколку слепото постоење-по-себе и отколку необразложеното постоење-за-друг.

Денес Институтот (Катедрата) за филозофија е на трагата на заложбите на УНЕСКО за развивање на заемните и проникнувачки димензии на филозофијата и демократијата, кои во новиот свет на слободни индивидуи и висока култура воспоставуваат меѓусебно поттикнувачки релации. Затоа се ангажира и во нашото средно и основно образование да се воведе филозофско образование, што е најсовремен педагошки тренд денес во светот, како што ги развива и широките простори на постдипломското усовршување и научен развиток, како

процеси на негување на научниот подмладок и афирмирање на Универзитетот во научната епоха која веќе навлегува во XXI век и на којашто филозофијата ѝ е составна димензија.

Kiril TEMKOV

## THE NATURE AND GOALS OF INSTITUTE OF PHILOSOPHY

(Summary)

The article deals with the development and achievments of the Chair of Philosophy, the oldest institution within the Faculty of Philosophy, the core from which some other Chairs have developed (those of Phychology and Sociology). This institution provides modern high-quality education. Many of the reknowned Macedonian intelectuals have graduated from it, its professors form the most significant intellectual groups at Skopje University. This Chair offers the most modern post-graduated studies, several fields of study (disciplines), considered among the most modern to the Macedonian culture, have developed within its framework, among them Symbolic logics, Aesthetics, Theory and Sociology of culture, History of philosophy (Macedonian philosophy in particulary), Political philosophy, Philosophy of religion, etc. The Aesthetic Laboratory, one of the most attractive cultural institutions in Skopje is working within its structural frame. The members of this Chair have translated into the Macedonian language the most important works of worldknown philosophers. They layed the basis for the macroresearch in the History of Macedonian philosophy, as well the History of Macedonian culture, conducted by the Macedonian Academy of Sciences and Arts.